ФЗОСМ
FSSHMV

Фонд за здравствено осигурување на Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Maqedonisë së Veriut

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI PËR SIGURIM SHËNDETËSOR I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 08-15910/
04-11-2022 20 год./viti
СКОПЈЕ/SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ
# ОД ИЗВРШЕНА ВОНРЕДНА КОНТРОЛА НА ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХИРУРГИЈА НА ЛИЦЕ, ВИЛИЦИ И ВРАТ - МАКСИЛОФАЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА – АКАДЕМИК ИЛИЈА ВАСКОВ - Скопје

**Октомври 2022**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**Од извршена вонредна финансиска контрола во ЈЗУ Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат – максилофацијална хирургија – Академик Илија Васков - Скопје**

Вонредната финансиска контрола е извршена по добиен писмен налог број 08-15910/1 со дата 27.10.2022 година, од директорот на Сектор за финансиски прашања, со работна задача - контрола на пресметана и исплатена плата на медицински и организациски директор во ЈЗУ Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - максилофацијална хирургија - Скопје.за период од јануари до септември 2022 година.
Согласно член 54, точка 12 и 13 и членовите 68 и 71 од Законот за здравствено осигурување, како и одредбите од Договорот за уредување на меѓусебните односи на здравствените установи со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Фондот), вонредната финансиска контрола е извршена од овластените финансиски контролори Горан Симоновски и Сатки Деари.

Контролата е извршена на 27.10.2022 и 31.10.2022 година, во просториите на ЈЗУ Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - максилофацијална хирургија - Скопје.

**Основни податоци за раководството и овластеното лице од установата:**

| Менаџмент | Име и презиме | Статус | Назначен од |
|---|---|---|---|
| Медицински директор | Проф. Д-р Даница Поповиќ Моневска | Директор | 14.10.2019 год. Реш.бр.11-6938/3 |

Овластено лице од установата задолжено за доставување на информации во текот на контролата:
Име и презиме: Мирјана Стефановска
Функција: Технички секретар и одговорно лице за човечки ресурси
Телефон за контакт: 071 248 298

На контролата и е даден на увид менаџерски договор на медицинскиот директор, заведен во Министерство за здравство под број 17-1791/1 со дата 12.02.2020 година, заведен во ЈЗУ под број 04-62/2 со дата 14.02.2020 година

Платите во здравствената установа се пресметуваат по Поединечен колективен договор на ЈЗУ Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - максилофацијална хирургија - Скопје. По овластување од Министерство за здравство, заведено во министерството под архивски број 17-1501/3 со дата 07.02.2019 година, ЈЗУ Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - максилофацијална хирургија - Скопје и Самостојниот синдикат на вработените во универзитетските клиники, центри, клинички болници и други ЈЗУ потпишале Анекс за изменување и дополнување на колективен договор на ЈЗУ УК за максилофацијална хирургија заведен под број 0101-35/1 со дата 07.02.2019 година, како и Анекс за изменување и дополнивање на ПКД заведен под број 0101-25/1 со дата 12.02.2020 година по овластување од Министерство за здравство, заведено во министерството под архивски број 17-1799/1 со дата 12.02.2020 година.

Во здравствената установа, во контролираниот период, организирана е работа со дежурство. На контролата и е дадена на увид согласност од Министерство за здравство за воведување дежурство број 10-4423/2 со дата 15.07.2022 година со важност до 31.12.2022 година. За периодот до добивање согласност за дежурство ЈЗУ нема согласност за воведување дежурства.

Во контролираните пресметки констатирано е зголемување на основната плата заради работа во услови потешки од нормалните за соодветното работно место. Во Поединечниот колективен договор на ЈЗУ Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - максилофацијална хирургија - Скопје е наведено "Основната плата на работникот се зголемува од 3-4% кога работникот работи во услови потешки од нормалните за соодветното работно место по добиено одобрение од државен орган - согласност од Министерството за здравство добиено во постапка утврдена по одредби од Законот за работни односи (и други подзаконски акти) и со начелна одлука за оваа цел." Одобрение, односно согласност од Министерството за здравство за зголемување на основната плата заради работа во услови потешки од нормалните за соодветното работно место на контролата не и беше дадено на увид, односно ЈЗУ нема такво одобрение, односно согласност.

Доставена е електронска евиденција за присуство на работа на медицинскиот директор. Истата е повремена и нецелосна.

За евидентирање на часовите поминати на дежурство приправност, за секој одделен месец, од јануари до септември, на контролата и се доставени документи "Исплата на дежурства на лекари" и "Дежурна листа"во кој се наведени сите лица кои дежураат или се приправни, по денови во соодветниот месец. На овие списоци има потпис од директорот.

На контролата и е дадена на увид "Одлука за приправност" број 02-351/1 со дата 31.12.2021 година, донесена од директорот на здравствената установа, со список на лекари кои ќе бидат во приправност во 2022 година.

Медицински директор - Решение за плата број 04-03/2-4 со дата 14.02.2020 година

| Вредност на бод 14.090 | јануари | февр. | март | април | мај | јуни | јули | август | септ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на ефективни часови | 147 | 140 | 161 | 147 | 154 | 154 | 147 | 161 | 154 |
| коефициент на сложеност: | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 |
| минат труд (%): | 16,5%/33 г | 16,5%/33 г | 16,5%/33 г | 16,5%/33 г | 16,5%/33 г | 16,5%/33 г | 16,5%/33 г | 16,5%/33 г | 16,5%/33 г |
| додаток по основ на раководење: | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток по основ на услови за работа (%): | 4% | 4% | 4% | 4% | 4% | 4% | 4% | 4% | 4% |
| прекувремена работа ( % ): | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток за ноќна работа (%) | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток во три смени (%) | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток во орг.единица за ИМП (%) | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток за обично дежурство ( % ): | 155% | 155% | 155% | / | 155% | 155% | 155% | 155% | 155% |
| бр на часови за кои се плаќа обично дежурство | 8 | 8 | 8 | / | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 |
| Вкупен број пресметани и исплатени часови обично дежурство | 16 | 16 | 8 | / | 16 | 16 | 16 | 8 | 16 |
| додаток дежурство во викенд и празник | 207% | / | 207% | 207% | / | / | 207% | / | / |
| бр на часови за кои се плаќа дежурство во викенд и празник | 16 | / | 16 | 16 | / | / | 16 | / | / |
| Вкупен број пресметани и исплатени часови дежурство во викенд и празник | 16 | / | 16 | 32 | / | / | 32 | / | / |
| додаток без остварен повик и ангажирање | / | / | 8% | / | / | / | / | / | / |
| вкупен број пресметани и исплатени часови без повик и ангажирање | / | / | 137 | / | / | / | / | / | / |
| додаток за остварен повик и ангажирање | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Вкупен број пресметани и исплатени часови за остварен повик и ангажирање | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

Коефициентот на сложеност е во согласност со колективниот договор.

Платата во контролираниот период се пресметува, односно вредноста на бодот е согласно Спогодбата за утврдување најниска плата во здравствената дејност (14.090,00 денари).

Основната плата се пресметува правилно (коефициент на сложеност х 14.090,00 денари).

За секоја година работен стаж се пресметува 0,5% додаток на основната плата, согласно колективниот договор. Во пресметките за плата во јануари, февруари, март, мај и јуни констатирано е несовпаѓање на пресметаниот износ.

Констатирано е зголемување на основната плата заради работа во услови потешки од нормалните за соодветното работно место во контролираните пресметки.

Според списоците за исплати на дежурства по месеци, во кои се наведени датумите на дежурства, со потпис на одговорното лице и "Дежурна листа", врз основа на кои се пресметуваат часовите за исплата на истите, констатирано е дека бројот на часови исплатени за дежурство соодветствува со бројот на часови евидентирани во истите.

Додатокот за дежурство во контролираниот период во работни денови (од понеделник до петок) се пресметува и исплаќа за 8 часови од дежурството со 155% од саатнината за редовните работни денови (од понеделник до петок). На контролата и е појаснето дека работното време во денови кога има дежурство (понеделник-петок) е од 14 часот до 08 часот наредниот ден. Контролата не може со сигурност да се произнесе за исправноста на пресметаните часови за дежурство во работен ден. За дежурство во викенд и празник се пресметуваат и исплаќаат 16 часа од дежурството со 207% од саатнината за редовните работни денови (од понеделник до петок) согласно колективен договор.

Доставени се "Решенија за користење годишен одмор" број:

- 04-350/2 со дата 31.12.2021 година
- 04-38/2 со дата 16.08.2022 година
- 04-136/2 со дата 22.06.2022 година
- 04-147/2 со дата 27.07.2022 година

Не се констатирани пресметување и исплата на часови за дежурство, во време на траење на годишен одмор.

Во контролираниот период нема службени патувања.

Во контролираните пресметки на плата не е констатирано пресметување часови за боледување.

Констатирано е пресметување на додаток за приправност без остварен повик во март 2022 година. Часовите на кои се пресметува приправноста, во ЈЗУ ги добиваат кога од часовите за ефективна работа се одземаат часовите поминати за време на дежурство. Контролата не може со сигурност да се произнесе за исправноста на пресметаните часови.

Не е констатирано пресметување и исплата на додаток за работа ноќе, работа во недела, прекувремена работа во контролираните пресметки.

Скопје, 03.11.2022 година

Финансиски контролори

Горан Симоновски

Сатки Деари

Директор на сектор за финансиски прашања

Миле Сугарев